| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В7.3 – згради за специјални полициски единици, КО Идризово и КО Јурумлери вон град, Општина Гази Баба** |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | **Агенција за планирање на просторот** |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | **Влада на Република Северна Македонија** |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | **Томе Стојанов,** м-р.инж.арх |
| **Назив на работното место** | Планер соработник за урбанистичкото планирање |
| **Контакт податоци за лицето** | Плоштад Македонија бр.2 1000 Скопје<br>телефон: 075/225-858 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Основ за изработка на предметниот Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В7.3 – згради за специјални полициски единици, КО Идризово и КО Јурумлери вон град, Општина Гази Баба, со тех.бр. R0225, се изработува врз основа на член 63-а од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република С. Македонија " бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република С. Македонија " бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26), Годишната програма на Владата на Република Северна Македонија за финансирање на изработка на урбанистички планови во Република Северна Македонија за 2025 година („Сл. Весник на Република С. Македонија " бр. 25/25) и Планска програма заверена од Министерство за внатрешни работи а одобрена од Министерството за транспорт. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X<br>Не |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Планскиот опфат, кој е предмет на уредување со оваа урбанистичко-планска документација, не бил предмет на планирање и уредување во минатото и како таков е опфатен со Просторниот план на Република Македонија 2002 - 2020, донесен на 11.06.2004 год. од Собранието на Република Македонија.Следствено за локацијата која е предмет на изработка на предметниот Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В7.3 – згради за специјални полициски единици, КО Идризово и КО Јурумлери вон град, Општина Гази Баба, со тех.бр. R0225 изработени се<br>• Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y13525 и Решение за Услови за планирање на просторот со бр. УП1-15 1431/2 од 27.03.2025г.<br>• Услови за планирање на просторот за Урбанистички проект за проширување на КПД Иризово, КО Идризово, Општина Гази Баба со тех бр. Y13509 и Решение за Услови за планирање на просторот со бр.15-6417/4 од 14.09.2009г. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – Просторно и урбанистичко планирање<br>Реализацијата Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В7.3 – згради за специјални полициски единици, КО Идризово и КО Јурумлери вон град, Општина Гази Баба, со тех.бр. R0225 ќе биде во функција на развој на економијата и согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија и треба да биде поставена врз принципите за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој. |

**Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В7.3 – згради за специјални полициски едници, КО Идризово и КО Јурумлери вон град, Општина Гази Баба, со тех.бр. R0225.**

Целта на изработка на урбанистичкиот проект е да ги дефинира правилата за изградба на комплекс со градби кои во иднина ќе се користат и ќе бидат во функција на Министерството за внатрешни работи. Планското решение на комплексот ќе биде согласно потребните програмски содржини за непречено функционирање и работа на институцијата, со вградување на сите еколошки и технички стандарди за престој и работа на вработениот персонал во просторот и градбите. На овој начин ќе се овозможи подобрување на квалитетот, ефективноста и одржливоста на услугите кои придонесуваат за зачувување на безбедноста и интересот на граѓаните и државата.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење, претставува основен развоен документ, кој има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот,
- оформување архитектонска целина,
- почитување и заштита на правото на човекот на работа,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
- подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки за заштита и спасување,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- почитување на законските прописи за дадената намена,

Генералните цели за заштита на животната средина земени во предвид при подготовката на урбанистичкиот план, односно што се очекува да се постигнат со мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија:

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;
- Достапност до доволни количества квалитетна вода, заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води, третман на отпадни индустриски води од страна на самите субјекти;
- Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово повторно искористување, отстранување на прифатлив начин;

| |
|---|
| • почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,<br>• почитување на законските прописи за дадената намена,да ги утврди параметрите и насоките за изработка на Урбанистичките и Основни проекти за идната дефинирана градежна парцела и земјиштето за општа употреба. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2026 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |

Подрачјето за кое се изработува **Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење** се наоѓа во контактната зона на градот Скопје, а територијално припаѓа во Општина Гази Баба. Просторот на предметното подрачје е диспозициониран источно во однос на градот Скопје, се простира помеѓу левиот брег на реката Вардар и регионалниот пат Р1102. Најблиски населени места до локацијата се село Јурумлери, село Долно Лисиче, село Идризово, граничи со Казнено поправната установа – Затвор Идризово.

Целиот терен е скоро рамен и со мал наклон, а надморската височина изнесува 228-230м. Контактната зона на планскиот опфат, е со рамен терен со минимален пад кон југ и реката Вардар.

Проектниот опфат е дефиниран со линија и прекршни точки, а во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање ((„Сл. Весник на Република С. Македонија "(„Сл. Весник на Република С. Македонија " бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Границата на планскиот опфат, од најсеверната точка се движи низ КП 522 КО Идризово, продолжува на исток (каде што навелвуа во УПВНМ КПД Идризово) низ КП 519/1 КО Идризово, па се спушта на југ по сверо источна и јужна граница на КП 519/2, КП 976/2, КП 535, низ КП 549/1, по граница на КП 560 и низ КП 561 КО Идризово до најјужната точка, свртува во правец запад по јужните граници на КП 561, КП 527/2 и КП 522 КО Идризово па продолжува по низ КП 561 КО Идризово, па по јужните граници на КП 527/2, КП 561 и КП 522 КО Идризово, и западната граница на КП 892 КО Јурумлери вон град се до најзападната точка од планскиот опфат, па продолжува да се движи кон север по северозападните граници на КП 892 КО Јурумлери вон град и КП 522 КО Идризово па поминува низ КП 522 КО Идризово се до најсеверната точка.

Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

–А4 - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП

Ново Село).

– Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:

– Р1102 – Скопје -Врска со А2-обиколница Скопје-Катланово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-врска со А1;

– При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитува релевантната законска регулатива од областа на Сообраќајот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

– Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на Аеродромот "Меѓународен аеродром Скопје" кој спаѓа во примарната аеродромска мрежа.

– При изработка на планската документација од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.




Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да √

Не

| **Дали е приложена копија од целите?** | |
|---|---|
| Да<br>Не √ | |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| Несоодветното управување со генерираниот отпад како и испуштање на санитарно - отпадните води без претходен третман може да се очекуваат влијанија врз животната средина. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Досегашниот просторен развиток на локацијата каде што се наоѓа планскиот опфат го наметнува прашањето за неискористени потенцијали кои просторот и неговото пошироко опкружување ги поседува, а кои се откриени и утврдени низ методолошки пристап кој опфаќа:<br>• Валоризација на погодностите и ограничувањата за просторен развиток на локацијата. Валоризација на природните можности и создадените потенцијали за задоволување на денешните и особено идните потреби на Министерството за внатрешни работи.<br>• Проекција на потребите и можностите за остварување на зацртаните цели на развојот и во согласност со нив дефинирање на критериумите, стандардите и плански параметри со кои ќе се утврдат функционалните и просторни потреби на сите подрачја на развиток на локацијата во планскиот период.<br>• Усогласување на програмските определби и планските параметри на идниот развиток со насоките на Просторниот план на Републиката.<br>• Концепт на идниот развој на локацијата со основни параметри во планирањето.<br>• Валоризација на погодностите, можностите и ограничувањата на идниот просторен развој на планот.<br>• Усогласување на концепцијата за идниот развој со согледувањата и насоките кои произлегуваат од |

| | |
|---|---|
| | Просторниот план на Републиката. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Од планот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина, животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари, поплави и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Областа со реализација на планираниот објект ќе добие зголемена вредност. | |

| | |
|---|---|
| | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за која се изработува **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В7.3 – згради за специјални полициски едници, КО Идризово и КО Јурумлери вон град, Општина Гази Баба, со тех.бр. R0225** нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.На подрачјето на катастарската општина кое е предмет на анализа не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно налседство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Подрачјето на планскиот опфат делумно е изградено со објекти во функција на Центарот за обука на МВР, додека поголемиот дел претставува неизградено земјиште, вкупната површина на планскиот опфат е 228147.338м$^2$, односно 22.815ха. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и** | |

**условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со донесувањето на овој урбанистички план ќе следат и поголеми странски и домашни инвестиции од различни сфери од економијата. Со Урбанистичкиот план се создаваат предуслови за развој на локалната и државната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход.

Овој план ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што државата ги дава на своите граѓани.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти. Од Изводот од ПП на РМ, може да се утврди дека подрачјето на Урабнистичкиот план припаѓа на Скопската котлина, источно ориентирано од градот Скопје, во рурална зона во која егизистираат селски наслеби во кои доминантно се обавува домување, а стопанските активности вклучуваат трговија, услуги, како и земјоделски активности кои се одвиваат на околното земјиште земјоделско земјиште. За потреби на земјоделието реализирана е водостопанска инфраструктура за наводнување на посевите, а како изворник за конкретната локација се користи реката Вардар, чие течение е на Југ од локацијата за предметниот УППГДЗ.

Населби кои егзистираат во најблиска околина на локацијата се село Идризово, село Јурумлери и село Долно Лисиче.

Граничи со Казнено поправната установа – Затвор Идризово.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Имплементацијата на планските содржини предвидени со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за стопански развој во општина Гази Баба, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.

Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:

Воздух: зголемена фрекфенција на возила од работни активности на објектот;

Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства;

Вода: на предметната локација ќе се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води.

Почва: Несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.

Културно наследство: во близина на предметната локација нема заштитени добра од културно и историско значење;

Пејсаж: Планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;

Транспорт: Зголемена фрекфенција на возила по автопатот;

Отпад: Генерирање на отпад.

Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:

- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.
- Овој проект ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што државата ги дава на своите граѓани.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

Неправилно управување со отпадот, неправилно постапување со отпадните води од објектот може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Урбанистичкиит план за подрачја и градби од државно значење се изработува врз основа на член 10 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република С. Македонија " бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република С. Македонија " бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25. 30/26 и 87/26) и Годишната Програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2025 година (Сл. Весник на РСМ 25/25), во делот III, точка 23, Агенцијата за планирање на

просторот ја изработи планска документација за: "Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В7.3 - ЗГРАДИ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ПОЛИЦИСКИ ЕДНИЦИ, КО ИДРИЗОВО И КО ЈУЛУМЛЕРИ ВОН ГРАД, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА" .

За потребите на овој **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење** доставено е Барање за податоци и информации (арх. бр. 09-360/1 од 24.02.2025г.) до Општина Гази баба за Изводи од претходна планска документација, односно изводи од Урбанистички планови, Урбанитичко планска документација и Урбанистичко проектна документација, кои се наоѓаат во граници на предложениот плански опфат, се граничат со него или се наоѓаат во негова близина. Од страна на институцијата доставен е одговор на информацискиот систем е-урбанизам (Постапка бр. 69233) со (арх. бр. 28-3/1527/7 од 03.04.2025г.), во кој е доставена следната урбанистичка документација:

- УПВНМ за КПД Идризово, КО Идризово, О пштин а Гази Баба, донесен со Одлука

број 09-5318/22 од 23.12.2019 година;

- Општ акт за с. Јурумлери, донесен со Одлука бр.09 -2003/6 од 20.05.2015 год;
- УПВНМ, Индустриски комплекс - Пилко, Општина Гази Баба-Скопје, донесен со

Одлука број 07-3589/8 од 01.08.2009 година,

- Општ акт за с. Идризово, донесен со Одлука број 09-2613/7 од 10.07.2015 година,

Од добиените податоци за Изводи од урбанистички планови, произлегува дека предметното подрачје е планирано само со план од повисоко ниво Просторен план на Република Македонија и за просторот на подрачјето важат планските одредби и решенија од овој план.

За изработка на предметниот Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В7.3 – Згради за специјални полициски единици, КО Идризово и КО Јурумлери вон град, Општина Гази Баба ќе бидат користени веќе издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y13509 – УПП за проширување на КПД Идризово, КО Идризово, Општина Гази Баба и услови за предметниот простор. Додека за делот што влегува во УПВНМ КПД Идризово ќе биде користен Изводот од УПВНМ за казнено поправен дом „Идризово " КО Идризово, Општина Гази Баба (одл. бр. 09-5318/22 од 23.12.2019г.) со арх. бр. 28-3/1527-3 од 02.04.2025г.

Со оглед на тоа дека се работи за објект со намена В7.3- специјални градби за потребите на Министерството за внатрешни работи се донесува Одлука за неспроведување на стратегиска оцена на влијанието на животната средина.

| | |
|---|---|
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена. | |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Планскиот документ не подлежи под постапка на оцена на влијанието врз животната средина. | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **МИНИСТЕР**<br>**АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ** |
| Бр. 67-859/6<br>Датум 11.06.2026 година<br>Место: Скопје | М.П. |

- Рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси;
- Користење на обновливи извори на енергија;
- Зачувување и заштита на растителниот и животинскиот биодиверзитет;
- Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

**Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да<br>Не √ | Член: | Точка: | Алинеја: |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

НЕ

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Не.

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење, претставува основен развоен документ, кој има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот,
- оформување архитектонска целина,
- почитување и заштита на правото на човекот на работа,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
- подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки за заштита и спасување,